Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 , 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 50 став 6 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет *музичко образование* за прво одделение на деветгодишното основното образование за учебната 2020/21 година.

СКРАТЕНА НАСТАВНА ПРОГРАМА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

I Одделение

Септември 2020 година

ДЕВЕТГОДИШНО

ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

1. **Вовед**

Скратената наставна програма по наставниот предмет *музичко образование* се базира на целите/очекуваните резултати предвидени со наставната програма за наставиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратенета програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, 2 часа неделно, односно вкупно 64 часа.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите/очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

Скратената наставна програма по наставниот предмет *музичко образование* во прво одделение се реализира во учебната 2020/2021 година.

2. **Преглед на теми и наставни единици**

| ТЕМА: ИЗВЕДБЕНИ АКТИВНОСТИ (30 ЧАСА) |
|---|
| **Наставни единици:**<br>1. Истражуваме-шум, звук и глас од околината и природата<br>2. Имитираме шумови, звуци, гласови од природата и околината<br>3. Слушаме звуци од природата (птици, животни)<br>4. Правиме звуци<br>5. Вежби за правилно дишење<br>6. Игра „Глуварче“ |

7. Игра со замислен предмет
8. Вежби за правилно држење на телото при пеење
9. Пеење кратки мотиви (слуховно пеење) со правилно дишење и правилно држење на телото при пеење
10. Пеење паесна за училиштето или семејството
11. Пеење песни за природата и околината
12. Пеење песни за годишните времиња
13. Пеење народна песна
14. Обработка на песна по слух
15. Изговарање бројалки со одреден ритам
16. Изговарање брзозборки со јасна дикција
17. Изработка на тропалки и стапчиња од природен материјал
18. Изведување ритмички мотиви со тропалки и стапчиња
19. Плескање со раце и тропање со нозе на веќе изучени бројалки и детски песни
20. Изведба на музичко ритмички чекорења-комбинирање на чекорења и потскокнувања
21. Изведба на „Штом си среќен“
22. „Игра со топки“
23. Изведба на движења во просторот соодветно на ритамот на музиката („Дивиот јавач“ од Роберт Шуман, „Семејстви на прстите“..)
24. Изведба на право оро („Македонско девојче“..)
25. Музички игри и драматизации („Снежана и седумте џуџиња“)
26. Музички игри и драматизации („Fantasia Disney – Hippopotame et Crocodile“)
27. Музичка игра („Танц на цвеќињата“ од блетот „Оревокршачка“ од Петар Илич Чајковски“)
28. Слободни движења на музика („Црвенкапа“)
29. Изведување игри и драматизација во согласност со музиката што ја слушаме
30. Изведба со движења

| ТЕМА: СЛУШАЊЕ МУЗИКА (28 ЧАСА) |
| --- |
| **Наставни единици:**<br>1. Слушање шумови, свуци и гласови од природата и околината<br>2. Слушање пријатни и непријатни звуци од цртани филмови<br>3. Слушање и погодување звуци што се пријатни за учениците<br>4. Препознавање звуци од природата, звуци од инструменти и нивно опишување<br>5. Слушање музички инструменти и разговор за карактерот на звукот на инструментот<br>6. Слушање музика „Детска симфонија“ од Јозеф Хајдн<br>7. Слушање химна на Р. С. Македонија „Денес над Македонија“<br>8. Слушање и дискусија за химната: зошто, како и во која пригода се изведува химната<br>9. Слушање музички пример и оредување детски гласови („Лавовите спијат навечер“, „Бонбонче“)<br>10. Слушање музички пример и оредување машки гласови (Арија на Фигаро од операта „Севилскиот бербер“)<br>11. Слушање музички пример и оредување женски гласови („Песна на куклата“ арија на Олимпија од операта „Хофманови Приказни“)<br>12. Слушање музички примери и воочување брзина/темпо (брзо, бавно): „Бумбаров лет“ од Николај Римски Корсаков<br>13. Слушање музички примери и воочување брзина/темпо (брзо, бавно): „Слон“ од Камиј Сен-Санс<br>14. Слушање музички примери и воочување јачина/динамика (тивко, силно): „Приспивна“ од Ј. Брамс<br>15. Слушање музички примери и воочување јачина/динамика (тивко, силно): „Дедо Мраз“од Роберт Шуман<br>16. Слушање музички примери и воочување високи и ниски тонови: „Слон“ од Камиј Сен-Санс<br>17. Слушање музички примери и воочување високи и ниски тонови: „Песна на птиците“ (фрагмент од 6-та симфонија на Л.В. Бетовен)<br>18. Слушање музички примери и воочување траења/ритам (еднакво, долго, кратко): „Кенгур“ од Камиј Сен-Санс, „Виенскиот часовник“ од З. Кодај<br>19. Слушање музички примери и воочување траења/ритам (еднакво, долго, кратко): „Марш“ („Детска Музика“) од С. Прокофјев, Lux Aurumque – E. Whitracre<br>20. Слушање на „Светкај, светкај ѕвездичке мала“ од В. А. Моцарт<br>21.Слушање фрагмент од Ода на радоста“ од Л. В. Бетовен<br>22. Слушање музика од Пинк Пантер<br>23. Слушање музика од Том и Џери |

| |
|---|
| 24. Слушање музика од „Во светот на Биби“<br>25. Слушање музка од филмови за деца<br>26. Слушање и пеење народни песни<br>27. Слушање и играње народно оро<br>28. Разговор за поврзаноста на музиката со народните обичаи и празници |

| ТЕМА: МУЗИЧКА ПИСМЕНОСТ (6 ЧАСА) |
|---|
| **Наставни единици:**<br>1. Запознавање со брзо и бавно движење преку музичка игра<br>2. Прикажување на брзо и бавно движење преку визуелни графички симболи<br>3. Висина (високо, ниско)<br>4. Пеење песна силно и тивко<br>5. Поврзување на високи и ниски тонови со визуелни симболи<br>6. Препознавање на долги, еднакви и кратки траења преку предмети, слики и едноставни графички симболи |

### 3. Дидактички препораки

Појдовна основа за реализација на скратената наставна програма по наставниот предмет *музичко образование* е редовната наставна програма (конкретните цели, поими, предложените активности и методи). Детето уште од најрана возраст пројавува спонтана љубопитност и интерес за светот околу себе, така и за музиката. Тие имаат стекнати искуства за шумови, звуци и гласови во непосредната околина, за различни музички инструменти (како изгледаат и звучат), детски песни, музика што ја слушале следејќи цртани филмови, детски емисии, детски филмови и сл., така што нивните сознанија наставникот ќе ги користи и надградува на часовите по овој наставен предмет. Учествувајќи во дидактичките игри и со користење на разновидни средства и материјали, учениците искуствено доаѓаат до сознанија, ги прошируваат своите знаења и се развива аудитивната перцепција кај нив. Започнуваат со истражување, слушање и имитирање на шумови, звуци и гласови од природата и околината,

за постапно да разликуваат детски, машки и женски гласови слушајќи вокална и вокално-инструментална музика. Особено е важно наставникот да покажува вежби за правилно дишење и правилно држење на телото при пеење на почетокот на наставната година, што учениците ќе ги практикуваат, а правилното дишење, од друга страна, влијае позитивно и врз одржувањето на здравјето на учениците. Постапно ќе се реализираат и другите наставни единици.

Сепак, со оглед на ситуацијата со КОВИД-19 во нашата држава наставникот ќе внимава на реализацијата на наставните едниници во кои децата треба да пеат. Се препорачува индивидуално пеење, по можност надвор од училиницата,затоа што тогаш учениците треба да ги извадат своите маски.

При реализација на наставните часови по наставниот предмет *музичко образование* со физичко присуство на учениците во училница задолжително се почитуваат протоколите за физичка дистанца и лична заштита.

Наставниот час е со времетраење од 30 минути. При планирањето на наставниот час потребно е наставникот да го скрати воведниот дел од часот на најмноги 5 минути и преку соодветни техники да ги воведе и мотивира учениците за реализација на целите во учечко-поучувачките активности (na пр. со поставување прашања, покажување фотографии од балетска претстава, слушање музика изведена од еден музички инструмент и сл.). Учечко-поучувачките активности би требало да се со времетраење до 20 минути. Методите во рамките на учечко-поучувачките активности треба да се прилагодат на времетраењето на часот, а при тоа да се одржи квалитетот на поучувањето и учењето. Поаѓајќи од целите на учењето, секогаш кога е можно, во процесот на учењето треба да им се овозможи на учениците избор на различни активности и содржини согласно со нивните субјективни интереси. Најефикасни методи на учење во наставата по *музичко образование* се оние методи кои учениците ги ставаат во адекватна активна позиција во процесот на стекнување на знаења. Потребно е наставникот да креира ситуации на учење во кои ќе дојдат до израз различните активности што овозможуваат различни начини на учење, користење на различни средства, материјали и извори на учење (со користење на различни аудио и аудио-визуелни средства, снимки од концерти, ТВ емисии,..). Наставникот може да користи различни дигитални содржини, на пр. за препознавање и именување на инструменти по слушање на кратка музичка секвенца, гледање дел од балетска претстава, фестивал за детски песни и др. Тој може самиот да подготвува/прилагодува содржини соодветни за наставниот предмет по *музичко образование* или да користи изработени е-

содржини што се на располагање на ЕдуИно итн. Во завршниот дел од часот се сумира она што е работено, се објаснува она што е нејсно или не го разбрале учениците, учениците со симболи покажуваат како се чувствувале на часот, што им било најинтересно и сл.

Ефикасната реализација на наставните единици во оваа наставна програма, особено за формирањето на поимите од страна на учениците, многу зависи од примената на интегрираниот приод, а, исто така, се препорачува флексибилност во организацијата на наставата. Тоа се овозможува со максимално почитување на холистичкиот приод при реализација на дневната тема, односно наставните часови за еден наставен ден. Тоа значи дека при планирањето на дневната тема /часовите по *музичко образование* максимално се користат можностите за интегрирано поврзување со другите наставни предмети. Така на пример, при интегрирање на часовите од наставниот предмет *музичко образование* и наставниот предмет *природни науки* се реализираат целите од темата „Изведбени активности“ (м*узичко образование)* и целите: „Идентификување повеќе извори на звук“; „Ученикот препознава дека со оддалечување на звукот осд изворот звукот станува понејасен“; „Согледува дека ние слушаме кога звукот влегува во нашето уво“ од настаавната програма по *природни науки.*

Реализацијата на програмските цели и постигнувањето на очекуваните резултати во рамките на еден наставен час со времетраење од 30 минути е олеснето со намалениот број на учениците со физичко присуство во училницата (15-20 ученици), со што значително се добива во време при дијагностицирањето на предзнаењата на учениците, како и при проверка на постигањата на учениците за време на часот, а со тоа останува повеќе време наставникот да се посвети на реализација на разновидни содржини во учечко-поучувачките активности.

Доколку наставната програма се реализира со учење на далечина, при постоење на потребни технички услови наставникот овозможува учениците што се дома истовремено да се вклучат и да ги следат часовите што се одвиваат во училницата. Ако не можат да се вклучат, тогаш наставникот прави распоред во колку ќе почне наставата на далечина, при што наставниот час исто така трае 30 минути. Е-содржините се користат со цел да се поттикне интересот на учениците за наставниот предмет, полесно да се запамети и да се разбере определената содржина, како и да се примени стекнатото знаење. Е-содржините што наставникот ги изработува или ги избира треба да бидат мултимедијални, односно да имаат текст,

анимација, звук, презентација, но и да бидат достапни за учење на далечина. Наставникот го презентира подготвените Е - содржини, а потоа објаснува, разговара со учениците, поставува прашања и им дава насока за самостојна работа.

Домашните задачи/самостојните задачи за учениците што ги задава наставникот треба да се усогласени со возраста на учениците.

4. **Норматив за наставен кадар**

Скратената наставна програма ја реализира одделенски наставник согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната наставна програма.

Скратената наставна програма по наставниот предмет *музичко образование* за прво одделение на деветгодишното основното образование ја утврди

Арх. Бр. 12-8424/222
16.09.2020

Министер за образование и наука
Мила Царовска